РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Бр.-Nr. 08-80/5

25-02-2022 20 ___ год.-viti

СКОПЈЕ - SHKUP

Постапувајќи по претставката со архивски бр. 0801-80/1 од 02.02.2022 поднесена од Државен Управен инспекторат од Скопје во име на анонимна група против Агенција за администрација на РСМ за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на работа и работни односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1 точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Р.С. Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на24.02.2022 го донесе следниот

## ЗАКЛУЧОК
## за отфрлање на претставка заради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 0801-80/1 од 02.02.2022 поднесена од Државен Управен инспекторат од Скопје во име на анонимна група граѓани против Агенција за администрација на РСМ за сторена дискриминација врз основ на етничка припадност во областа на работа и работни односи, заради неуредност, во смисла на член 24 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

### Образложение

На 02.02.2022 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација од страна на Државен Управен инспекторат доставена е претставка заверена под архивски број 0801-80/1 во која како подносители се наведуваат "анонимна група на граѓани", и во која се наведува за можни повреди на начелото "забрана за дискриминација" регулирано со член 6 став 1 од Законот за работни односи. Поднесокот насловен како "Претставката од страна на анонимната група на граѓани" до Државниот Управен инспекторат е доставен од страна на Министерство за труд и социјална политика на 21.01.2022.

Со оглед на тоа што со претставката се покренуваат прашања во делот на спречување и заштита од дискриминација во остварувањето на човекови права и слободи регулирано со Закон за спречување и заштита од дискриминација а согласно член 40 став 7 од Законот за општа управна постапка Државниот Управен инспекторат поднесокот насловен како "Претставка од страна на анонимна група на граѓани", ја доставува до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за нејзина понатамошна надлежност и постапување.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација при разгледување на списите од предметот констатира дека претставката не ги содржи сите елементи од членот 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, каде што, меѓу другото е наведено дека претставката треба да содржи податоци за подносителот и потпис на подносителот.

Согласно член 24 став 2 Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 11.02.2022 година се обрати до Министерство за труд и социјална политика со Барање за доуредување на претставка, односно со барање да се известат подносителите на претставка да се обратат до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација за да поднесат претставка за заштита од дискриминација.


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

На 22.02.2022 од страна на Министерство за труд и социјална политика беше доставен одговор по нашето Барање за дополнување на претставка во кое што не известуваат дека немаат податоци за подносителот на претставка и потпис во претставката и дека Министерство за труд и социјална политика не е во можност да се обрати до подносителот за да ја доуреди претставката.

Со оглед на тоа дека во предметната претставка не содржи податоци и потпис на подносителите, а Министерството за труд и социјална политика не може да достави податоци за подносителот, **Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи да ја отфрли оваа претставка како неуредна.**

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател
Кире Василев

Примерок од Решението се достави до:
1.МТСП- Ул.Даме Груев бр.14 Скопје
2.Државен Управен инспекторат- Ул. Даме Груев број 5 кат 1 Скопје


КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk